pres-kliping · press-clipping

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — ... — P. O. Box 95
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: ...

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

12. 1. 1971

OSLOBOĐENJE
LIST SOCIJALISTIČKOG SAVEZA RADNOG NARODA BOSNE I HERCEGOVINE

ВО ШТО Е СУШТИНАТА НА НЕДОРАЗБИРАЊЕТО

Здружението на ликовните уметници на Босна и Херцеговина испрати деновиве отворено писмо на адресата на пет републички и на една сојузна установа затоа што во случај на организирањето на изложбата „Уметноста на тлото на Југославија низ векови" културното богатство на народите на Босна и Херцеговина, како и во низа слични манифестации од порано, е запоставено, или парцијално, овде-онде, презентирано.

По тој повод се обративме до надлежните во Сојузната комисија за културни врски со странство каде што дознавме некои детали за учеството на босанско херцеговските стручњаци во организирање изложба во Париз. Според известувањето што го добивме од нашата република, во организациониот одбор се делегирани кустосите Нада Милетиќ и д-р Боривое Чолиќ (од почетокот на работата на одборот — 1968) и Мехмед Заимовиќ (од минатата година). Нада Милетиќ работеше на селекцијата на експонати во археолошката секција и во секцијата за уметност од 12 до 20 век, а д-р Чолиќ во археолошката. Составувајќи ја „програмата" не известија во Сојузната комисија, членовите на секцијата меѓу другото разговараа и за уметноста на исламот. Притоа забележаа дека од сите области нејзината архитектура е највредна, но дека, со оглед на големината на експонатите и намерата во Париз да се оди само со оригинали, не доаѓа предвид за изложба. Другите нејзини вредности беа ставени во „импорт материјал" и со самото тоа не заслужуваат да влезат во една толку репрезентативна селекција како што е оваа.